РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

12-564/4
Бр./Nr 10-
10.06.21 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција на познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на 49-та седница одржано на ден 07.06 2021 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12 - 3259 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12 - 3259/1 од 24.06.2019 година доставена од подносителот --------------- ------------ од -------- и други и кон него споениот предмет со број 12-1412 од 2020 оформен по пријава бр. 12-1412/1 од 27.02.2020 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-3259 од 2019 година кон него споениот предмет со број 12-1412 од 2020 година, во предметниот случај се постапува од страна на друг надлежен орган.

Предметот со број 12-3259 од 2019 година и кон него споениот предмет со број 12-1412 од 2020 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12 - 3259 од 2019 година е оформен врз основа на пријавата бр. 12 - 3259/1 од 24.06.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносител -------- -------- ------------- од -------- и други. Кон пријавата, од страна на подносителите доставени се и неколку писмени поднесоци, со кои се доставени дополнувања и прилог документација во врска со предметните наводи.

Со овој предмет, а од причини што се работи за два предмети оформени за иста фактичка состојба за ист случај, на продолжението на 31-та седница на ДКСК одржано на 16.07.2020 година, споен е и предметот заведен под архивски број 12-1412/1 од 27.02.2020 година, кој е оформен врз основа на пријава препратена на надлежност на ДКСК од страна на Претседателот на РСМ во која се укажува на сомневање за организиран криминал, корупција, непостапување на надлежни институции и злоупотреба на службена должност и овластување на многу инволвирани страни во случајот станбено - деловен објект „---------" кој се наоѓа на Бул. ------------ ----------- ----------------- во Скопје - општина ------.

Во доставените пријави и поднесоците кон истата, изнесени се наводи против повеќе службеници вработени во државните установи во Републиката за злоупотреба на службена положба и овластување при постапување по случајот на станбено - деловниот објект наречен „--------", еден од објектите кои се поврзани со најголемата градежна афера во Македонија „Фиком".

При разгледувањето на предметниот случај, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барања до надлежни институции за информации и податоци во врска со предметниот случај. По барањата на Државната комисија доставени се известување со бараните информации со прилог документација и по разгледување на целокупната документација со која располага за предметниот случај, од страна на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:

-Во конкретниот случај станува збор за станбено - деловниот објект наречен „--------" изграден во центарот на Скопје,во која изградба со свои средства вложиле/учествувале и подносителите на пријавата за што биле склучени договори за здружување на средства но, по изградбата на наведениот објект становите за кои тие ги уплатиле нивните средства не им биле дадени во сопственост и владение во законски предвидениот рок за тоа, а со што тие биле оштетени како купувачи/сопственици на становите. Наведениот објект и предметните станови биле поврзани со во јавноста познатата најголема градежна афера во Македонија - „Фиком", во која имаше појава на неколкукратна продажба на едни исти станови, а во предметниот случај биле измамени неколку станари од наведената зграда кои скоро десетина години барале да ги остварат своите права на сопственост и да ги добијат становите за кои платиле и за кои поседуваат документација.

Во пријавата се наведува дека за случајот биле поднесени барања и поведени биле многу постапки пред други надлежни институции, како и се воделе судски спорови пред надлежните судови во земјата но, подносителите се сомневаат дека за многу инволвирани страни во овој случај постоеле елементи на организиран криминал, корупција, непостапување на надлежни институции и злоупотреба на службена должност и овластување, како и не се задоволни од службениците вработени во државните установи во Републиката и други лица кои постапувале за овој случај. (*Општина ------- Градежната општинска инспекција, Агенција за катастар на недвижности, Судски извршители, нотари,службата за вршење на технички прием на изградениот објект, поранешни сопственици на недвижниот имот, банка, правни лица итн.)*

Исто така, во врска со овој случај од страна на подносителите: ------------- ------------ од --------, ------------ ----------- од -------- -----------, ------- ----------- од --------, ------------ ----------- од -------- и ------------ ----------- од --------, била поднесена кривична пријава до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција на РСМ која била заведена под архивски број ------ од 13.02.2019 година.

-На ден 31.12.2019 година, по барањето на ДКСК, доставено е известување од страна на Општина - ------, со кое се известува дека во врска со предметниот објект било постапено од страна на Секторот за Урбанизам по поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект на име на --------- ----------- --- ---------- експорт-импорт Скопје од 30.03.2016 година, за објект со намена А2-домување во станбени згради, кој се наоѓа на бул.„--------- ------------„ бр.-----, КО -------- --, -------, запишан во Имотен лист на земјиште со бр.--------- и бр.-------.

При постапувањето по барањето, а врз основа на доставената целокупна документација,доставената копија од заклучок за извршена продажба на недвижност издаден од извршител и заверен кај нотар од 29.09.2015 година во Скопје, копија од заклучок за исправка на заклучок за извршена продажба на недвижност издаден од извршител и заверен кај нотар од 01.02.2017 година во Скопје, копија од заклучок за предавање на недвижност во владение издаден од извршител и заверен кај нотар од 29.09.2015 година во Скопје, копија од основи на катови од основен проект и геодетскиот елаборат за утврдување на фактичка состојба на бесправен објект од 26.01.2017 година, изработен од „--------- ------- ---------, ---------, била донесена Урбанистичка согласност од 15.02.2017 година и по изготвениот заклучок за плаќање на надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект од 21.03.2017 година, издаден од Град Скопје согласно член 20 и 20-а од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл. весник на Р.М."бр.23/2011, бр.54/2011, бр.155/2012, бр.53/2013, бр.72/2013, бр.44/2014, бр.115/2014, бр.199/2014, бр.124/2015, бр.129/2015, бр.217/2015, бр.31/2016), било донесено решение за утврдување на правен статус на бесправен објект од 15.02.2017 година кое истото подоцна станало правосилно и било запишано во јавните книги на Агенцијата за катастар на недвижности.

-На ден 10.02.2020 година, по барањето на ДКСК, добиен е одговор од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција на РСМ, со кое се известува дека во ова основно јавно обвинителство бил оформен предмет ----------, по поднесена кривична пријава од ------------ ----------- од --------, ------------- ----------- од -------- -----------, ------- ----------- од --------, ------------- ----------- од -------- и ------------- ----------- од --------, против повеќе правни и физички лица и тоа: Општина ------- -Скопје, Градежниот инспектор на општина ------- - Скопје, Комисијата или Служба надлежна за вршење на технички прием на изграден станбен објект, градежен инспектор од општина ------- - Скопје, поранешен градоначалник на Општина ------ против поранешни сопственици на недвижен имот, ----------- ---------,-------- ---------------и ---------- ------------, --------- ---------- --------- и членови на Управен одбор со надлежни од служби за постапување по хипотека над недвижност, тројца нотари од Скопје, извршител од Скопје, правно лице „----- ---- -" од --------, Раководител на инспекциски служби за градежни работи во Општина --------- Скопје, ДПИЗ „------- ------- --------, Агенција за Катастар на недвижности на РСМ, Министерство за внатрешни работи на РСМ и Министерството за транспорт и врски, и ,----- ------" ------------, за кривично дело - Злосторничко здружување по чл.394 ст.1 од Кривичниот законик и кривично дело - Злоупотреба на службената положба и овластување по чл.353 од Кривичниот закони. Постапувајќи по пријавата, од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Скопје за кривичните дела- Злосторничко здружување по чл.394 ст.1 од Кривичниот законик и -Злоупотреба на службената положба и овластување по чл.353 ст.5 од Кривичниот законик, била донесена одлука - резолуција, а за другите ставови на кривичното дело - Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од КЗ, за кои Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, не било надлежно да постапува, а произлегуваат од наводите во пријавата и според местото на извршени инкриминирани дејствија, било надлежно да постапува Основното јавно обвинителство Скопје, на кое од нивна страна им биле доставени списите од предметот РО бр.41/19 на надлежно постапување.

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во предметниот случај било постапено од страна на друг надлежен орган - Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје, кое во рамките на своите надлежности постапило во делот од наводите и била донесена одлука, а воедно по однос на делот од предметните наводи за кои ова обвинителство не било надлежно да постапува - списите од предметот биле доставени на надлежно постапување на Основното јавно обвинителство Скопје пред кое постапката била се уште во тек. Со оглед на констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Доставено до : Архива и Подносител

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц.
Одобрил : Г.Т.,член на ДКСК